

















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ИНТЕРАКТИВНА ЕДУКАТИВНА ТРИБИНА

Во организација на одделението за образование при Секторот за дејности од јавен интерес на општина Карпош, во вторникот попсладне (1.03.2016) попладне во Кинотеката на Македонија се одржа едукативна трибина на тема „Примена на адаптивните наставни програми по математика и природни науки според програмата Кембриџ“.

Во рамки на интерактивната дискусија присуствуваа основците од Карпош (1-3 одделение) со своите родители и претставниците од Бирото за развој во образованието. Со стручен коментар, наставничките Роза Василевска и Жаклина Миланковска од ООУ „Јан Амос Коменски“ ги образложија придобивките од наставната методологија која се користи во оваа Програма. Медијатор на едукативната трибина беше раководителката на Секторот за јавни дејности од јавен интерес од општина Карпош, Анета Марковска-Илиевска.





# КАРПОШАНИ ЗА ОДГОВОРНО РОДИТЕЛСТВО

Во вторникот (01.03.2016), во детската градинка „Распеана младост“, претставниците од одделението за детска, здравствена и социјална заштита од општина Карпош и стручните лица од детската амбасада „Меѓаши“, одржаа работната средба. Во рамки на дискусијата на тема „одговорно родителство“, присуствуваа и директорките на детските градинки кои се наоѓаат на територија на локалната самоуправа.

Присутните разговараа за индикаторите за препознавање на телесното казнување на децата, емоционалната и сексуалната злоупотреба на децата, како и за соработката со семејствата и двостраната комуникација на релација воспитувач-родител. Низ стручната расправа се констатираше дека партнерството со родителите придонесува за побрз воспитно-образовен развој на децата.

Инаку, општина Карпош има потпишано меморандум за соработка со Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“.






# КАРПОШ НА „РЕАЛЕКСПО“

Општина Карпош активно се вклучи во рамките на саемот за недвижнини- „Реалекспо“, кој втора година по ред се одржува под покровителство на Министерството за финансии. Општина Карпош учествува со свој штанд под мотото „Карпош- најпосакувано место за живеење“. Претставниците од Општината, на заинтересираните граѓани им ги доставуваа соодветните информации, во однос на недвижнините на територијата на Општина Карпош. На тринаесеттиот Саем за градежништво, и шестиот по ред Саем за недвижнини – „Реалекспо“, кој ќе трае до петти овој месец, и се одржува на Скопски Саем учествуваат 14 општини од Република Македонија кои ќе понудат плацови за изградба на куќи. Истите се во рамките на владиниот проект „Купи куќа за млади“, кој се однесува на лицата до 35 години, со цел да го решат станбеното прашање со субвенции доделени од Владата на Република Македонија.






# ПОЕТСКИТЕ ЕМОЦИИ ЈА ОСВОИЈА АНГЛИЈА

Реномирана издавачка куќа од Англија, ги публикуваше автентичните јазични творби на младите поети од Карпош. Поезијата на третоодделенците од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, деновиве се најде во стихозбирката на англиски јазик, насловена како „Емотивна поезија“.

Иницијативата се роди во рамки на дополнителната настава во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, каде беше реализиран проект на пишување поезија на англиски јазик. Оригиналната јазична творба им донесе на основците од 3.б одделение, Сертификат за заслуга (Certificate of Merit), како активни учесници на Меѓународниот натпревар за млади ученици, во областа на пишување поезија на англиски јазик.

Координаторот на проектот, менторот по англиски јазик м-р Виолета Панев, објаснува дека целите на првата фаза на проектот беа реализирани на настанот на Европската недела на кодирање, преку препознавање на семантиката на лексичките единици на работилниците по англиски јазик. При вежбите во римување беа применувани разни техники во пишувањето со цел децата полесно да ја усовршат техниката на вештината пишување. Песничките беа проследени со автентични ликовни творби на самите ученици, преку кои ги искажаа своите чувства и доживувања на случки и настани од секојдневието.





# КАРПОШАНИ ЌЕ ЈА ПРЕТСТАВУВААТ МАКЕДОНИЈА НА МЕЃУНАРОДНА ДЕБАТА ВО ДУБАИ

Две ученички од ООУ „Владо Тасевски“ (општина Карпош), заедно со својот ментор ќе ја претставуваат Македонија на „дебатата на Фондот за оддржливо живеење“ која ќе се оддржи во Дубаи од 18 до 21 април годинава.

По повод меѓународниот натпревар за есеј на англиски јазик на тема „Дали градовите се оддржливо место за живеење”, четвртооддеденките Елена Петрушевска и Диона Јосифовска под менторство на „Teacher Champion“ Виолета Панев, се стекнаа со наградно признание во првата категорија на ученици до 11 години.

Меѓу другото, Елена и Диона заедно со својата наставничка Виолета се наградени со „Honorable Mentions Certificates“ и „Teacher Champion Certificate“. Воедно, тие се поканети на церемонијата на доделување на признанијата во Дубаи, каде овогодишен домаќин е јазичното училиште на англиски јазик„ Јумеира“. Литературниот есеј на тема „Дали градовите се оддржливо место на живеење“, ги опишува чекорите и мерките што земјите во светот треба да ги превземат, со цел да се постигнат целите во рамките на еден глобален оддржлив развој.

Учесниците, во рамките на програмата ќе имаат можност да присуствуваат на меѓународната училишна дебата и директно да придонесат во остварувањето на глобалните цели за оддржлив развој.

Нашите претставници, ќе учествуваат во работилниците и дебатите со ученици ширум светот од преку 70 земји учеснички, како и на работилниците организирани од врвни експерти. Ќе се говори на темата „Одржливост на ресурсите“, а во рамки на практичниот дел, ќе следува специјалната програмска едукативна посета во Дубаи и соларниот град Масдар.

-„Особено не радува фактот што доаѓаме од општина Карпош, која е предводник во енергетската ефикасност во Македонија и честопати црпиме искуство и знаење од многуте активности организирани во рамките на еко-целите на нашето училиште и општината” - велат учениците.

Дебатата на Фондот за оддржливо живеење“ има силна меѓународна перспектива, која им дава можност на учениците да црпат инспирација и да споделуваат знаење за подобрување на соработката и реализација на агендата на Обединетите Нации за оддржлив развој.

-„Организациите во обласа на културата во рамките на ОН оваа декада продуцираа шема на меѓународна имплементација за оддржлив развој” – вели К.Хансен, директорот на Фондот за одржливо живеење кој активно работи во Меѓународниот Институт за оддржлив развој.

Целите за кои се застапува оваа добротворна организација со седиште во Беркшир, Англија се биолошки, растителен и културен диверзитет како и климатска стабилност и регулирање на балансот во еко-системите. Таа се залага за разбирање и зголемувањето на свеста за оддржливоста на живиот свет, конзервација на видовите и ботаничките градини, баланс на развојот на технологијата и човечките потреби. Посебен акцент се поставува на одржливоста на сите алки на социјалното и општествено битисување и енергетските извори во економијата, мултикултурното образование и многујазичноста преку високо-квалитетно образование. Овој центар кој располага со дождлива шума и уникатни растителни и животински видови, досега го посетиле 82.000 посетители.

# 40 НОВИ ФАСАДИ ВО КАРПОШ

Во средата (2.03.2016) , градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, во придружба со градоначалникот на Скопје Коце Трајановски и директорите на јавните претпријатија од градот, беа домаќини на претседателот на ВМРО – ДПМНЕ Никола Груевски, при што посетија три капитални инфраструктурни проекти на територијата на Општина Карпош. На ул. Јуриј Гагарин, во присуство на голем број граѓани, првиот човек на Општината ја презентираше реконструкцијата на фасадата на Кула бр.8 која е во завршна фаза, и ја најави реконструкцијата на фасадите на преостанатите три соседни згради на истата улица.

-Оваа тековна година, предвидена е реконструкција на 40 енергетско - ефикасни фасади на згради во Општина Карпош. Со овој зафат, ќе се подобри естетскиот изглед на зградите, и ќе се подобри нивната функционалност за домување. Оваа инвестиција за овие четири згради ќе не чини 4,3 милиони денари, додека целосната инвестиција во енергетско - ефикасни фасади во Карпош, ќе чини околу 50 милиони денари, нагласи Јакимовски.

Вториот капитален објект кој беше посетен е новата општинска зграда, која е во својата завршна фаза на целосна изградба. Во обиколка на зградата, општинскиот татко нагласи дека Општина Карпош ќе ја добие најголемата општинска административна зграда во Република Македонија со површина од 4.500 квадратни метри.

- Кон крајот на јуни е предвидено да финишира целосната изградба на општинската зграда, и општинската администрација да биденсместена во новите општински простории, со што во полн капацитет ќе може да ги опслужува и да биде сервис на граѓаните на Општина Карпош. Изградбата на новата општинска зграда е финансирана со сопствени средства од буџетот на општината, потенцираше градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски. Третиот инфраструктурен објект кој беше посетен е ул. „Франц Прешерн“, во населбата Влае. Градоначалникот при посетата истакна дека е во тек реконструкција на улицата и тротоарите и на 15 улични краци на истата.

-Реконструкцијата на ул. ,, Франц Прешерн'' е проект кој ќе им овозможи подобра локална патна инфраструктура на граѓаните од овој дел на Општината. Оваа улица, и преостанати 8 улици се реконструираат со средства одобрени од кредит на Светската банка. Вредноста на овој инфраструктурен зафат на ,, Франц Прешерн'' е 13 милиони денари, изјави градоначалникот Јакимовски.



# ПРОЛЕТНА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО КАРПОШ

Општина Карпош, започна со редовната пролетна дератизација за уништување на штетни глодари на своја територија. Во реализација на оваа комунална акција, учествуваат и ЈЗУ „Центар за јавно здравје-Скопје" и ЈП „Водовод и канализација". Со дератизацијата ќе се опфатат околу 5000 шахти, 300 места во десет основни училишта и 200 места во четири детски градинки со своите клонови, кои се наоѓаат на нејзино подрачје.



# СОБРАНИ 3864 КГ ПЕТ ОТПАД ЗА 6 МЕСЕЦИ

Во првите шест месеци од учебната 2015/2016 година, 10 основни општински училишта на територијата на Општина Карпош собраа вкупно 3864 килограми ПЕТ отпад. Со најголем успех може да се пофали ООУ „Владо Тасевски“, каде што 957 ученици собраа вкупно 1300 килограми отпад, или во просек по 3,5 килограми неделно, додека 580 ученици од ООУ „Јан Амос Коменски“, собраа 715 килограми. Редоследно 374 ученици од ООУ ,, Вера Циривири Трена'', собраа 431 килограм отпад, или во просек по 3 килограми неделно. Остварените резултати се добар показател за посветеноста на учениците од сите основни училишта во Карпош, во акцијата која во континуитет се спроведува неколку години наназад.